Предмет: Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставивте барање на мислење за тоа дали член на Совет на општина можете да биде претседател на Здружение на граѓани и да аплицира за користење на средства од Општина каде ја извршува функцијата член на Совет.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија укажува на тоа дека избрано лице, во своето постапување потребно е да ги почитува одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

***Член 72***

*(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.*

*(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.*

***Член 73***

*(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.*

*(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.*

*(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.*

***Член 75***

*(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.*

*(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.*

Врз основа на горе цитираните одредби, член на совет на Општина може да биде претседател на здружение, но доколку наведеното здружение аплицирате за користење на средства од Општина, во која наведеното лице е член на совет, потребно е да се почитуваат гореспоменатите одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk